Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА“
Бр. 04-741/11-2
09.12 2020 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и член 22 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола, Директорот на КЈП Нискоградба Битола на ден 09.12.2020 година донеасе

# О Д Л У К А

За избор на кандидат- административен службеник по постапка со унапредување

I. За вршење на работните задачи од работното место КДР0102Б04019 Раководител на одделение за општо правни работи и човечки ресурси по спроведената постапка и предлогот на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник во Секторот за општо правни работи и човечки ресурси при КЈП Нискоградба Битола по Интерниот оглас бр.2/2020 за унапредување на административен службеник се избира кандидатот

**ЈУЛИЈАНА ХРИСТОВСКА**

II. Избраниот кандидат ќе биде унапреден со потпишувањето на Договорот за вработување, во рок од 5 дена од конечноста на Одлуката за избор.

III. Се задолжува Секторот за општи и правни работи и човечки ресурси да го извести кандидатот и ги превземе сите активности околу регулирањето на унапредувањето.

IV.Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Секторот за општо правни работи и човечки ресурси при КЈП„Нискоградба„Битола, објави Интерен оглас за пополнување на работно место со унапредување на административен службеник бр.2/2020, дел.број 04-741/4-2 објавен на ден 20.11.2020 година за работното место

- Раководител на одделение за општи и правни работи и човечки ресурси

Со Решение бр. 04-741/7-2 од 27.11.2020 година формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник.